АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ИНФОРМАТОР

БРОЈ 68 Јануари 2008

## ПРОМЕНА ВО ТАРИФАТА ЗА НАГРАДАТА И НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА РАБОТА НА АДВОКАТИТЕ

На 105-та седница на Управниот Одбор на Адвокатска комора на Република Македонија, одржана на ден 26.01.2008 година, имајќи ги во предвид проблемите со кои се соочуваат адвокатите во нивното секојдневно работење, беше донесена Одлука со која се изврШија измени и дополнувања во Адвокатската Тарифа, како што следи:

**Член 8**
**II. Награда за одбрана и застапување**

*Се менува точка 3, која гласи :*

"За застапување и одбрана **пред судовите, работодавецот, инспекциските и други органи,** како и превземање на дејствија од точка 2 на овој став кои се одвиваат во повеќе денови, без оглед дали се одржани, продолжени или одложени, **како и за рочиштето за објавување на Одлука,** секој започнат ден се смета за ново застапување, односно нова одбрана"**.**

**V. Заеднички одредби;**

*По точка 3 се додава нова точка 4, која гласи:*

**"Наградата предвидена со оваа тарифа за сите дејствија што ги превземаат адвокатите, обврзници на ДДВ, се пресметува и наплаќа зголемена за износот на ДДВ".**

*Се додава уште еден став:*

**"Статусот на ДДВ обврзник, адвокатот го докажува со соодветен документ издаден од надлежен орган".**

## АПЛИКАЦИЈА ЗА ПОЕДИНЕЧНО ЗАЧЛЕНУВАЊЕ ВО ИНТЕРНАЦИОНАЛНАТА УНИЈА НА АДВОКАТИ - УИА

**Адвокатската комора на Република Македонија, Ве известува дека Интернационалната Унија на адвокати по долгогодишната успешна соработка и колективното членување на Адвокатската комора на РМ во УИА, испрати повик за зачленување на нови членови во Унијата. Доколку сте заинтересирани да станете индивидуален член на УИА - Интернационалната Унија на адвокати и да бидете дел од повеќе од 700.000 адвокати кои активно учествуваат во креирањето на политиката и развојот на адвокатурата, потребно е Вашата Апликација пополнета да ја доставите до Адвокатската комора на Република Македонија.**

**Формулари за апликација во Интернационалната Унија на адвокати - УИА и други дополнителни информации можете да добиете со Ваше пријавување во Адвокатска комора на Република Македонија на телефоните: 02 / 3212 452 и 02 / 3165 409 или на е-маил. lawyermk@mba.org.mk.**

## СОРАБОТКАТА НА АКРМ И ОБСЕ ПРОДОЛЖУВА ВО 2008

**Продолжувајќи ја исклучително успешната и плодна соработка која Адвокатската комора на Република Македонија ја има со Набљудувачката Мисија на ОБСЕ во Скопје, со задоволство Ве информираме дека почнувајќи од февруари 2008 година започнува имплементацијата на проект кој ќе овозможи зајакнување како на улогата така и на вештините на адвокатот на одбраната во судските и управните постапки при остварувањето на правата на граѓаните. Воедно, за прв пат ќе биде третиран и Судот на правдата во Луксембург, вклучително и неговото прецедентно право. Опфатен ќе биде секако и Судот за човекови права во Стразбург, како и аспектите на меѓународното кривично право и воопшто системот на развојот на човековите права и нивната заштита. Подвлекуваме дека на овие обуки ќе се води особено внимание на пратичнииот дел од обуката за сметка на теоретскиот.**

Во првата фаза ќе бидат опфатени Претседателите на локалните Адвокатски Заедници и одреден лимитиран број на други учесници кои веќе имаат значително искуство во областа на обучувањето, а веќе во следната фаза на проектот во текот на месец април, мај и јуни ќе бидат организирани 15 еднодневни Обуки на територијата на различни општини, каде ќе присуствуваат сите заинтересирани адвокати од локалните Адвокатски Заедници

Во тој контекст ги повикуваме сите Претседатели на Адвокатски Заедници кои се заинтересирани да учествуваат во Обуките за обучувачи, и воедно се подготвени согласно заклучоците од Обуките да постапуваат во интерес на јакнење на капацитетите на Адвокатска комора на Република Македонија на локално ниво, да партиципираат со конкретни дејанија, на една од обуките кои ќе се реализираат во март да достават своја биографија. Воедно за сите подетални информации во врска со обуките, сите заинтересирани адвокати можат да се обратат до Адвокатска комора на Република Македонија на телефоните: 02 / 3165 409 или 02 / 3212 452, или преку е маил адресата : lawyermk@mba.org.mk .

## СООПШТЕНИЕ

**Согласно член 70 од Статутот на АКРМ, и член 31 од Правилникот за дисциплинска одговорност на Адвокатска комора на Република Македонија, плаќањето на коморска членарина претставува обврска за сите членови на Адвокатска комора на Република Македонија. Имајќи во предвид дека средствата од коморската членарина се потребни заради нивно користење со цел успешно реализирање на активностите на комората, како што е континуираната едукација на членовите на АКРМ, покривање на активностите на Адвокатски Заедници, формирање на посебни фондови, како што е Фондот за помош во случај на болест или смртен случај, а особено со новиот институт за осигурување на адвокатите од одговорност, итн .**

**Плаќањето на коморската членарина, за која апелираме најитно да се подмири, претставува статутарна одредба согласно која дисциплинските органи на АКРМ ќе поведат постапки за одземање на лиценцата на оние колеги кои не уплатиле коморска членарина. Одлуката по нејзината конечност се објавува во Службен Весник на РМ, а за тоа ќе бидат информирани и сите судови во Република Македонија.**

## АДВОКАТСКИ ТОГИ

Согласно член 6 од Законот за измените и дополнувањата на Законот за адвокатура, македонскиот адвокат сметано од почетокот на месец ноември 2007 година **треба задолжително да носи адвокатска тога** во постапувањето пред сите судови низ Република Македонија, како што ја носат нашите колеги низ светот.

Досега се направени и подигнати повеќе од 1000 тоги, а имајќи во предвид дека тогите претставуваат законска обврска за сите адвокати, **ги известуваме членовите на АКРМ дека истите се веќе се изготвени и ќе можат да се подигнуваат во Адвокатска комора на Република Македонија или преку претседателите на Адвокатските Заедници.**

Мој живот. Мое осигурување. Еуролинк Осигурување АД Скопје

Еуролинк Осигурување АД Скопје, Васил Главинов 12 ТЦЦ Плаза 1ви кат 1000 Скопје, Македонија, ИНФО БРОЈ 02 15115
Тел. (02) 32 31 623; (02) 32 31 623; Факс (02) 32 31 625; E-mail:eurolink@eurolink.com.mk, www.eurolink.com.mk

**ИЗУЧУВАЊЕ НА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ**

Адвокатската комора на република Македонија со цел да им излезе во пресрет, а воедно и да им помогне на сите свои членови-адвокати кои имаат потреба за изучување на странски јазици, покрена иницијатива за прибирање на понуди од Центрите за странски јазици. За реализација на идејата беа вклучени и Претседателите на АЗ со цел организацијата да се одвива на ниво на АЗ по градови. Пристигнатите понудите беа разгледувани од страна на УО на АКРМ на седница одржана на ден 26.01.2008 год. и во понатамошниот текст Ви ги објавуваме со цел самите да го направите соодветниот избор:

## *понуди за Скопје*

1. **Биро Летиком Весна-До Ре Ми** (контакт тел. 02 / 3061 865 ; 070 / 22 66 90) нуди:
   - **обука за англиски јазик (Општ и Деловен англиски)** по цена од 7200 денари од степен.

2. **Центар за странски јазици** (контакт тел. 02 / 306 77 83) нуди:
   - **стандардни курсеви** по Англиски, Француски, Германски, Италијански, шпански, Грчки, Албански јазик по цена од 10600 денари ( со попуст од 15%-9000 денари)
   - **специјализирани курсеви** за Конверзација со граматика и за Деловен англиски и комуникација по цена од 11700( со попуст-9950 денари)
   - **BEC-** подготовка за полагање на Деловен англиски на Универзитетот Кембриџ по цена од 12100 денари ( со попуст-10280 денари)

3. **Центар за странски јазици-Херц (к**онтакт тел. 075/268 774) нуди:
   - **стандардни и специјализирани курсеви** по Англиски јазик за правници по цена од 12000 денари

4. **Друштво за одржување на курсеви по странски јазици-Челинџ** (тел.02/2039-993; 2040-800) нуди:
   - **стандардни курсеви** по Англиски, Германски, Италијански, Шпански, Грчки, Албански јазик по цена од 1200 денари месечно,
   - за повеќе од 30 слушатели по цена од 1070 денари месечно.

5. **Ст. Георге Дооел експорт-импорт** (контакт тел. 02/ 3125-280 ; 3227-807) нуди:
   - курсеви за изучување на странски јазици по цена од 3200 денари по семестар.

## *понуди за Гостивар*

1. **European Link Center** (контакт тел 042 / 271 004) нуди:
   - интензивни курсеви по Англиски и Германски јазик по цена од 12000 денари по степен.

## *понуди за Струга*

1. **Образовен Центар Оксфорд-школа за англиски јазик** нуди:
   - курс по Англиски јазик по цена од 6000 денари од степен.

   За информации обратете се кај претседателот на АЗ Струга.

## *понуди за Кавадарци*

1. **Работнички Универзитет Моша Пијаде** (контакт тел. 043/400-610; 075/892-675) нуди:
   - Грчки јазик (1 и 2 степен), Англиски јазик (1,2,3,4 степен), Италијански јазик (1,2,3 степен), Германски јазик ( 1,2,3 степен) по цена од 4500 денари.

2. **Next Level education Center** (tel. 043/420-520; 070/679 579; 070/ 608-201) нуди:
   - **стандардни курсеви** по Англиски, Француски, Германски, Италијански, Шпански, Грчки, Албански јазик по цена од 4000 денари месечно;
   - **интезивни курсеви** по Англиски, Француски, Германски, Италијански, Шпански, Грчки, Албански јазик по цена од 4000 денари од степен;
   - **специјализирани стандардни курсеви и специјализирани интензивни курсеви** по цена од 5000 денари од степен

## *понуда за Радовиш*

1 **Центар за образование и интелектуални услуги Визија** нуди:
   - обука за Англиски јазик по цена од 1400 денари месечно.

   За информации обратете се кај претседателот на АЗ Радовиш.

За дополнителни информации можете да се јавите и на телефоните на Адвокатска Комора на Република Македонија и тоа на 02/3212 452 или 3165 409.

**ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПОЗДРАВ**

**Управниот Одбор на Адвокатска комора на Република Македонија ја поздравува и во целост застанува зад хумата иницијативата на нашиот колега М-р Блаже Муратовски, адвокат од Скопје, која беше доставена до Врховниот суд на Република Македонија со цел да им се излезе во пресрет на старите, изнемоштени и инвалидизирани лица и да им се овозможи полесен пристап до судовите и која Ви ја пренесуваме во целост.**

Врховен суд
на Република Македонија
Примено на ден 03.12.2007
со __________ прилози

Одговорен работник

До
Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, Г-нот Дане ИЛИЕВ

Скопје

Почитуван Господине,

Денеска, на Светскиот ден на лицата со посебни потреби, го остварувам одамна земениот завет пред себе да Ви изложам еден проблем што сметам дека претставува нехуман однос кон старите, изнемоштените и инвалидизираните лица коишто мораат, при постоење на поинаква можност, да совладуваат стрмни скали со 60 скалила за да се искачат на третиот кат во Основниот суд Скопје II-Скопје кога треба да дадат наследничка изјава или да земат учество во некоја друга граѓанска постапка. Проблемот постои и кога искачувањето е на подолните катови, само со помал интензитет.

Постојано може да се види како такви категории на лица вистински се измачуваат при тешкото совладување на внатрешните скали (на коишто треба да се додадат уште 5 скалила од надворешните), а никако неможам да го заборавам призорот кога четворица силни мажи носеа неподвижна корполентна возрасна жена на столица, секако од дома наменски донесена, држејќи секој по една ногарка. Лично ми стана многу неугодно, а можам да замислам како се чувствуваше јадницата која на таков начин ја искачуваат по скалите на куќата на правдата.

Со таков пристап до целта, едноставно невозможно е да се задржи човечкото достоинство, а тоа веќе е жалосно!

И нешто повеќе: колеги кажуваат дека имало неколку смртни случаи на лица коишто починале качувајќи се по скалите на Основниот суд Скопје II.

При постоење на два лифта меѓу зградите на Врховниот суд на Република Македонија и на Основниот суд Скопје II, сметам дека со ништо не е оправдано двата да ја опслужуваат само зградата на првиот, а да се оневозможува ниеден од нив, барем за возрасни, изнемоштени и инвалидизирани лица, да се користи за достап по вертикала во вториот суд, иако постои можност за тоа, макар и со мала градежна интервенција и, се разбира, со нужна безбедносна контрола на минувачите.

Вие, Господине Претседателе, можете да сторите нешто во таа насока.

При уверување дека моево обраќање ќе биде разбрано во неговата конструктивна намера и дека покренатото прашање ќе биде разгледано со потребното внимание, останувам со голема почит

Скопје, 03.12.2007 година

М-р Блаже Муратовски
АДВОКАТ
М-р Блаже А. МУРАТОВСКИ
ул. Даме Груев бр. 5, лок. 10
Скопје тел. 127-027, 070/415-555

Издава : АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СТРУЧНА СЛУЖБА